РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-573/4
30-06-2022 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 71-та седница одржана на ден 30.06.2022 година ја донесе следната

**Одлука**

Пријавата со број 12 - 573/1 од 04.02.2021 година, со наводи за незадоволство од Фондот за здравствено осигурување, **СЕ ОТФРЛА**.

ДКСК утврди дека, согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување поради тоа што во доставената пријава нема јасни наводи или укажувања за незаконити или недозволиви дејствија на службените лица при вршењето на јавните овластувања и службената должност и изнесените наводи не даваат основ за поведување било каква постапка за што ДКСК е надлежна согласно Законот.

Предметот со број 12 - 573/1 од 04.02.2021 година да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Од страна на познат подносител, ----------- ------------, на ден 04.02.2021 година, поднесена е пријава заведена под број 12 - 573/1 од 04.02.2021 година, со наводи за незадоволство од Фондот за здравствено осигурување - подрачна единица ----------, по однос на неможност за наплата на кредити на вработените поради дисфункција на Фондот.

Во доставената пријава се содржани општи наводи, без посочување на конкретни личности и активности и нема јасни наводи или укажувања за незаконити или недозволиви дејствија на службените лица при вршењето на јавните овластувања и службената должност.

При разгледувањето на предметната пријава, ДКСК утврди дека изнесените наводи во пријавата не даваат основ за поведување било каква постапка за што ДКСК е надлежна согласно со одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, по што оцени дека нема елементи за нејзино надлежно постапување за случајот и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател,**
**Нури Бајрами**

Изработил: Ј.Ц.
Одобрил: Н.Б., Член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk